ТИТАН УСЈЕ АД
Бр. 02-359
30.09. 2025 год.
СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Врз основа на член 383, член 460 ст.3 и член 460-а од Законот за трговски друштва, и член 18 од Статутот на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје (Компанијата), Акционерите на друштвото на Собранието одржано на ден 30.09.2025 година донесе | Pursuant to Article 383, Article 460 par. 3 and Article 460-a of the Trade Companies Law and Article 18 of the Statute of TITAN USJE AD Skopje (the Company), the Shareholders of the Company on the Assembly held on 30.09.2025 adopted the following |
| **ОДЛУКА**<br>**За одобрување на зделки со заинтересирани страни** | **DECISION**<br>**for approving interested party transactions** |
| **Член 1**<br>Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, услуги), СЕ ОДОБРУВА ТИТАН УСЈЕ АД Скопје да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа:<br><br>1. Зделка со Шаррцем Ш.П.К. Косово, за продажба/купување на:<br>- цемент,<br>- петрол кокс,<br>- клинкер,<br><br>чија поединечна или кумулативна вредност за секој производ посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание ќе надмине износ од 9.200.000,00 евра, што претставува надминување на 10% од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи. | **Article 1**<br>Due to the existence of mutual interest for business cooperation within the frames of the regular operations (sales, purchasing, services), it is hereby APPROVED for TITAN USJE AD Skopje to conclude interested party transactions under prevailing market conditions for similar types of transactions i.e:<br><br>1. Transaction with Sharrcem SH.P.K. Kosovo, for sale/purchase of:<br>- cement<br>- pet coke<br>- clinker<br><br>whose separate or cumulative value of each individual item, for the period starting from the date of adoption of this decision until the holding of the next annual shareholder's assembly, shall exceed the amount of 9.200.000,00 Euros, which represents exceeding of 10% of company's assets value, determined based on the last audited financial statements. |
| **Член 2**<br>Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (давање и земање на заеми; кредити и гаранции), СЕ ОДОБРУВА Компанијата да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа:<br><br>- Зделка со која ТИТАН УСЈЕ АД Скопје дава заем на Титан Глобал Финансе ПЛЦ, чија поединечна | **Article 2**<br>Due to the existence of mutual interests for business cooperation within the frames of the regular operations (borrowing/lending loans/credits and guarantees) it is hereby APPROVED for the Company to conclude interested party transactions under prevailing market conditions for similar type of transactions and that is:<br>- Transaction with which TITAN USJE AD Skopje extends a loan to Titan Global Finance PLC, whose |

| | |
|---|---|
| или кумулативна вредност посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание ќе надмине износ од 9.200.000,00 евра, но не повеќе од 16.000.000.00 евра, што претставува надминување на 10% од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани финански извештаи. | separate or cumulative value of each individual item, for the period starting from the date of adoption of this decision until the holding of the next annual shareholders' assembly, shall exceed the amount of 9.200.000,00 Euros, but shall not be more than the amount of 16.000.000.00 Euros, which represents exceeding of 10% of company's assets value, determined based on the last audited financial statements. |
| **Член 3**<br>СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Одборот на Директори, да ги преземат сите потребни дејствија за потпишување на договори со заинтересираните страни наведени во членовите 1 и 2 од оваа Одлука, а заради спроведување на истата. | **Article 3**<br>The members of the Board of Directors are hereby AUTHORIZED to undertake all necessary actions for signing the contracts with the interested parties stated in articles 1 and 2 of this Decision for the purposes of implementation of the same. |
| **Член 4**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето. | **Article 4**<br>The decision shall enter into force on the day of its adoption. |
| Д.Н.<br>*- Архива*<br>*- Сектор за финансии*<br>*- Правна служба* | Sent to:<br>*-Archive*<br>*-Financial department*<br>*-Legal section* |

**Собрание на акционери / Shareholders Assembly**
**Претседавач / Chairman**
**Ангеле Мицевски / Angjele Micevski**